Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1147/2022
Дата...17-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врслки се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.

Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.

Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0,78 ha.

Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 0.26 ha.

Останатиот дел навлегува во веќе издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, со тех. бр. Y22114.

Планираниот опфат граничи со веќе издадени Услови за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на локалитет со површина од 9,8 ha на м.в. Бачиште, КО Македонска Каменица и КО Луковци во Општина Македонска Каменица, со тех. бр. Y00912.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y25622 се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 43480 од 27.05.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0,78 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 1147/2022 од 15.06.2022 година.**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска
Д. Марк

Одобрил: Соња Фурнаџиска
Д. Марк


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk